РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-200/2

10 06 2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по анонимна пријава за сомнеж за корупција на 49-та седница, продолжение одржано на 08.06.2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-200/1 од 14.01.2020 година доставена од непознат подносител – анонимна пријава, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност да постапува по однос на наводите во предметот со број 12-200 од 2020 година оформен по пријава бр. 12-200/1 од 14.01.2020 година и предметот ќе го достави на надлежно постапување на Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-200 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-200 од 2020 година е оформен по пријава бр. 12-200/1 од 14.01.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител – анонимна пријава.

Во пријавата се изнесени наводи против лицето --------- --------------, судија од Основен граѓански суд во Скопје, поради сомневање за коруптивно однесување и судир на интереси.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид истите и констатира дека во случајот станува збор за сомневање за коруптивно однесување и судир на интереси на лицето --------- --------------„ судија од Основен граѓански суд во Скопје односно, за сторени груби и директни повреди на начелата на постапување од нејзина страна при постапувањето во текот на повеќе судски постапки, особено за повреда на начелото на законитост и еднаквост при донесувањето на судски решенија и решенија за времени мерки и тоа повеќе пати во една судска постапка и во корист на тужителите во постапките а на штета на тужените страни. Според наодите во доставената пријава, доказ за незаконитости во постапувањето на наведениот судија бил и фактот дека скоро на сите донесени пресуди биле вложени жалби до Апелациониот суд кој истите ги укинувал и од негова страна биле давани укажувања за незаконитостите содржани во укинатите решенија, а кои упорно биле игнорирани и се продолжувало со незаконитото однесување и пристрасно судење кон тужителите за што имало сознанија дека примила и парична награда во кеш за неколку судски предмети, а со што им се потврдувале нивните сомнежи за корупција и судир на интереси на

наведениот судија, па затоа се бара ДКСК да постапи и да ги испита предметните наводи по што да преземе мерки во своја надлежност.

Со оглед на погоре констатираното, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган односно, за постапување на надлежен суд и оцени дека Државната комисија нема надлежност да се произнесува по однос на истите, а предметот со број 12-200 од 2020 година, оформен по пријава бр. 12-200/1 од 14.01.2020 година, ќе го достави на надлежно постапување на Судскиот совет на Република Северна Македонија, со укажување дека при годишното оценување на работењето на наведениот судија од страна треба да бидат земени во предвид наводите од доставената пријава.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК